**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
***УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА***
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр. 04-341/3**
**13.05.2022 година**
**С К О П Ј Е**

# ЈАВЕН ПОВИК

**за вклучување надворешен учесник за потребите на проектот „Малолетничка деликвенција и сајбер вознемирување: 4-та Меѓународна анкета за самопријавување на деликвенција (ISRD4)"**

Врз основа на член 6 од Упатството за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола од 2018 година и Одлука бр. 341/2 од 12.05.2022 година за давање согласност за вклучување надворешен учесник во проектни активности, Факултетот за безбедност - Скопје како носител и спроведувач на проектот „Малолетничка деликвенција и сајбер вознемирување: 4-та Меѓународна анкета за самопријавување на деликвенција (ISRD4)", објавува јавен повик за вклучување на надворешен соработник (associated partner). Согласно пропозициите на проектот, потребно е ангажирање на еден надворешен учесник (соработник) за реализација на активностите од проектот. Според карактерот на проектот, заинтересираните субјекти кои ќе се јават на повикот, треба да ги исполнуваат следниве услови:
- Студент кој слушал предмети од областа на Малолетничката деликвенција и Деца жртви на криминал,
- Студенотот да биде редовен студент од Факултетот за безбедност – Скопје,
- Не е потребно работно искуство.

Ангажманот на избраниот надворешен учесник во проектот би вклучувал:
- Техничко спроведување на теренското истражување во одредени класови од основните или средните училишта во градот Скопје или градот Куманово, кои се определени по случаен избор, а заклучно до 10 јуни 2022 година, односно до крајот на учебната година 2021/2022 година во основните и средните училишта.

Надоместот на избраниот надворешен учесник во проектот изнесува 20 швајцарски франци во денарска противвредност во бруто износ, за секој клас (од основните или средните училишта во градот Скопје или градот Куманово) во кој технички успешно ќе ја спроведе анкетата која е дел од проектот „Малолетничка деликвенција и сајбер вознемирување: 4-та Меѓународна анкета за самопријавување на деликвенција (ISRD4)."

Заинтересираните субјекти треба да ги достават следните документи:
· Пријава со назнака Јавен повик за вклучување надворешен учесник за потребите на проектот „Малолетничка деликвенција и сајбер вознемирување: 4-та Меѓународна анкета за самопријавување на деликвенција (ISRD4)" и
· Кратка биографија (CV) на подносителот.

Јавниот повик трае три работни дена сметано од денот на објавувањето на веб страните на Универзитетот и Факултетот. Заинтересираните субјекти потребните документи треба да ги праќаат по пошта, на следната адреса на Факултетот за безбедност: „1" Колонија – Идризово бр. 2А, П. Фах 103 1000 Скопје, со назнака за Јавен повик за вклучување надворешен учесник за потребите на проектот „Малолетничка деликвенција и сајбер вознемирување: 4-та Меѓународна анкета за самопријавување на деликвенција (ISRD4)", или да ги достават преку Архивата на Факултетот за безбедност – Скопје. За краен рок на доставување на пратените документи се смета доколку документите се пратени по пошта заклучно со последниот ден од важноста на повикот. За изборот на субјектот кој ќе биде вклучен во проектните активности како надворешен учесник, Факултетот за безбедност ќе формира Комисија, а избраниот субјект ќе биде писмено известен. Избраниот субјект, правата и обврските кои следуваат од ангажманот, согласно пропозициите на проектот, дополнително ќе ги уредат со склучување договор со носителот/спроведувачот на проектот.

13.05.2022 година, Скопје

**Факултет за безбедност - Скопје**